# ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА АПЛИКАЦИЈАТА PANTHEON

## 1. Дефиниции на поимите

**1.1. Понудувач на апликацијата PANTHEON** е друштвото Даталаб МК Д.о.о.е.л., друштво за деловни информациски решенија, со седиште на бул. 8ми Септември 2/2 (5ти кат), 1000 Скопје, со даночен број 4030005549311.

**1.2. Нарачател** е нарачателот на апликацијата Даталаб PANTHEON во мод на хостирање односно правно или физичко лице кое со операторот има склучено Договор за услугите на PANTHEON.

**1.3. Оператор** е правно лице со кое нарачателот склучува Договор за услугите на PANTHEON**.**

**1.4. Договор за услугите на PANTHEON** е договор кој нарачателот го склучува со операторот и со кој се уредуваат правата и обврските на нарачателот и операторот во соработка со Даталаб МК во врска со услугата на PANTHEON. Врз основа на овој договор нарачателот од понудувачот на апликацијата на Даталаб PANTHEON ги добива кодовите за авторизација за користење на апликацијата на Даталаб PANTHEON.

**1.5. Услугата на PANTHEON** опфаќа: i) користење на апликацијата Даталаб PANTHEON во мод на хостирање, каде што нарачателот на својот компјутер има корисник за апликацијата Даталаб PANTHEON, а серверскиот дел од апликацијата Даталаб PANTHEON е поставен во центарот на податоци на операторот, ii) чување податоци во базата на податоци на операторот, iii) користење на услугите на СервисДеск согласно Посебните услови на Даталаб PANTHEON СервисДеск и iv) користење на останатите дополнителни услуги кои нарачателот ќе ги одбере опционално.

**1.6.** Со **Посебните услови на услугите на СервисДеск за апликацијата Даталаб PANTHEON** се уредуваат условите за користење на услугите на СервисДеск за апликацијата Даталаб PANTHEON, што опфаќа: одржување, поддршка, помош и имплементација на нови и некористени функционалности на апликацијата Даталаб PANTHEON.

**1.7.** Со **Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON** се уредуваат условите за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON во хостинг мод, кој го обезбедува операторот.

**1.8. Хостирање** е палета на услуги кои операторот врз основа на Договорот за услугите на PANTHEON му ги нуди на нарачателот.

**1.9. Апликацијата Даталаб PANTHEON** е мрежен програмски пакет составен од клауд апликација, локална апликација и материјал за поддршка.

**1.10. Клауд апликацијата** е елемент на компјутерската програма на Даталаб PANTHEON, којашто е инсталирана и се одвива на серверите на операторот, а нарачателот ѝ пристапува со користење на локалната апликација.

**1.11. Локална апликација** е елемент на компјутерската програма на Даталаб PANTHEON, која нарачателот на инсталира или користи на компјутерската деловна единица и овозможува пристап и користење на клауд апликацијата.

**1.12. Компјутерската програма PANTHEON** претставува компјутерска програма на Даталаб PANTHEON во која било достапна верзија, а е составена од група датотеки со програмски код во оригинална, преведена или изведувачка форма.

**1.13. Алатките за поддршка и материјал** претставуваат податоци наменети за работа или приказ на работата на апликацијата Даталаб PANTHEON, училишни материјали, видеоснимки и други материјали кои понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON бесплатно или со
плаќање му ги дава на располагање на нарачателот за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON. Материјалот за поддршка претставува писмено, звучно или видео упатство за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON во печатена или електронска форма и база на знаења за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, која се наоѓа на корисничките веб-страни на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON. Алатките за поддршка и материјалот се достапни под условите на посебните лиценци.

**1.14. Писменото упатство** претставува писмено упатство за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON со опис на функционалностите на компјутерската програма. Само писменото упатство е релевантно за дефинирање на грешки. Без оглед на точка 1.13., понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON на нарачателот секогаш бесплатно му нуди писмено упатство за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON. Писменото упатство на нарачателот му едостапно на веб-страната на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON.

**1.15. Ажурираната апликација Даталаб PANTHEON** е апликација на Даталаб PANTHEON во која неделиво се вклучени најновите законски усогласувања со законодавството, усовршувања, корекции, измени, подобрувања, нови решенија и исправки на грешките и нарачателот може да ја пренесе и да ја користи врз основа на Договорот за услуги на PANTHEON и врз основа на Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON. За ажурираната апликација Даталаб PANTHEON важат сите одредби од Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON кои се однесуваат на кој било елемент на апликацијата Даталаб PANTHEON.

1.16. **Права на интелектуална сопственост** се сите авторски, сродне, други права, вклучувајќи го *sui generis* правото на иработувачот на бази на податоци, како што се уредени со Законот за авторски и сродни права, како и сите други права на интелектуална сопственост,

посебноправото на индустриска сопственост, како што е уредено со Законот за индустриска сопственост, како и други евентуални права слични на правата на интелектуална сопственост.

**1.17. Компјутерска деловна единица** е конпјутерска деловна единица или направа со слична функција, која е во сопственост на нарачателот, односно нарачателот ја користи на друга правна основа и која во даден момент може да ја користи сам едно лице, кое исто така може да е копјутерска програма односно друга слична направа или технологија.

**1.18. Корисник** е физичко лице кои преку компјутерската деловна единица може да ја користи или да пристапи до апликацијата Даталаб PANTHEON.

**1.19. Вертикално решение** е програмско, машинско или слично решение кое ја дополнува или надградува компјутерската програма PANTHEON и овозможува користење или пристап до апликацијата Даталаб PANTHEON.

**1.20. Конектор** е секое одделно лице, компјутерска програма, односно друга слична направа или технологија, која го користи или е дел од одделно вертикално решение.

**1.21. Конектор лиценца** е договор помеѓу понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON и нарачателот, што на конекторите им овозможува користење или пристап до апликацијата Даталаб PANTHEON и/или до податоците на нарачателот кои ги обработува апликацијата PANTHEON.

**1.22. Податоци на нарачателот** се кои било податоци, вклучувајќи ги личните податоци по Законот за заштита на личните податоци и документарните материјали по Законот за заштита на документарни и архивски материјали и архиви, кои нарачателот врз основа на хостирање му ги проследува на Телеком Словеније или на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, било во рамките на чувањето податоци на нарачателот или во рамките на користењето на апликацијата Даталаб PANTHEON.

**1.23. Чување на податоците на нарачателот** подразбира чување на податоците на нарачателот на хардверската опрема на операторот.

**1.24. Хардверската опрема на операторот** ги претставува серверите на операторот и сета останата хардверска опрема на операторот, на која се сочувани податоците на нарачателот, односно која овозможува користење на апликацијата Даталаб PANTHEON.

**1.25. Претплата е цената на услугите PANTHEON**, која нарачателот врз основа на Договорот за услуги на PANTHEON му ја плаќа на операторот.

**1.26. Сериски број** е редослед на знаци, кој врз основа на Договорот за услуги на PANTHEON му е проследен на нарачателот.

**1.27. Назив на регистриран нарачател** е назив на нарачателот, кој понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON врз основа на Договорот за услуги на PANTHEON му го доделува на нарачателот.

**1.28. Датум на активација** е датумот кога е заклучена активацијата на апликацијата Даталаб PANTHEON, како што е опишана во Глава 2 на Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON.

**1.29. Поддршка** се физички или правни лица кои во рамките на својата дејност врз основа на договорен или друге правен однос со понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON на нарачателите им нудат поддршка за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, како и други услуги на СервисДеск, односно слични услуги (дополнителни услуги на поддршката). Поддршката мора да има валиден сертификат за обученост за вршење на дејност поддршка за апликацијата Даталаб PANTHEON и други услуги на СервисДеск.

**1.30. Алатката за поддршка ХелпДеск** е веб апликација, достапна на веб-страната на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, наменета на нарачателот (https://usersite.datalab.eu/) и служи за поддршка и останати услуги на СервисДеск, за размена на информации, пријави на дефекти, што вклучува пријава на грешки во постапката на уважување на гаранцијата и за друга комуникација меѓу понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON и нарачателот. Нарачателот може да пристапи до апликацијата со најава на корисничкиот сервер и впишување на својата електронска адреса, како и преку електронска пошта, така што ќе испрати порака на pomoc@datalab.eu или да ја наведе адресата кај примачите на копии на пораката.

**1.31. Ажурирање** претставува право на пренос на ажурираната апликација Даталаб PANTHEON и право на користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, како и овозможување пристап и користење на други информациски извори, како на пример коригирани шифранти и регистарот на фирми, од страна на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, врз основа на Договорот за услугите PANTHEON и Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON.

**1.32. Дефект** е работење или содржина на локалната апликација или на клауд апликацијата, која е во спротивност со спецификациите и намената опишани во писменото упатство.

**1.33. Услугите на СервисДеск** се услугите на СервисДеск кои ги врши понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, а нарачателот ги користи согласно Посебните услови за услугите на СервисДеск за апликацијата Даталаб PANTHEON и вклучуваат техничка поддршка, помош, одржување и имплементација на нови и некористени функии.

## **2.** Постапка за активација на услугите PANTHEON

2.1. Нарачателот и операторот склучуваат Договор за услугите PANTHEON, кој го содржи името на нарачателот односно фирмата, адреса односно седиште, даночен број и евентуални други податоци за идентификација, вклучувајќи ја и адресата на електронската пошта на нарачателот. Нарачателот сноси исклучива одговорност за правилноста и точноста на податоците за идентификација кои ги му ги проследува на операторот.

2.2. Податоците на нарачателот наведени во договорот операторот му ги проследува на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON. По склучување на Договорот за услуги на PANTHEON нарачателот од понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON во рок од 3 (три) дена на поштенската адреса наведена во Договорот за услуги на PANTHEON, по обична пошта добива корисничко име, а на адресата наведена во Договорот за услуги на PANTHEON поелектронска пошта добива линк со кој може да ја пренесе и активира апликацијата Даталаб PANTHEON, сериски број, назив на регистрираниот нарачател и корисничка лозинка.

2.3. Со активација на апликацијата Даталаб PANTHEON нарачателот ги прифаќа одредбите на Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON и може локално да ја инсталира апликацијата. Нарачателот ја активира апликацијата Даталаб PANTHEON така што на линкот во електронскиот образец го внесува серискиот број и називот на регистрираниот нарачател и со кликање на полето »Се согласувам« изјавува дека ги прифаќа сите одредби на Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, на кои потоа е обврзан. За време на активацијата на апликацијата Даталаб PANTHEON, компјутерската деловна единица од која нарачателот го врши дејствието мора цело време во текот на постапката да биде приклучена на интернет, така што понудувачот на услугите на СервисДеск ќе може да го евидентира прифаќањето на Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON PANTHEON.

2.3. Услов за користење на услугите на СервисДеск е употреба на апликацијата Даталаб PANTHEON врз основа на Посебните услови за употреба на апликацијата Даталаб PANTHEON. Дозвола за користење на услугите на СервисДеск нарачателот добива врз основа на Посебните услови на СервисДеск за апликацијата Даталаб PANTHEON, само за целокупниот бројна компјутерски деловни единици, за чие користење има дозвола врз основа на Посебните услови за употреба на апликацијата Даталаб PANTHEON.

2.4. Со кликање на полето »Се согласувам« физичкото лице изјавува дека е законски застапник на нарачателот, односно лице кое нарачателот го овластил за вршење на наведеното дејствие.

2.5. Со кликање на полето »Се согласувам« нарачателот изјавува дека се согласува со секоја валидна верзија на Посебните услови за употреба на апликацијата Даталаб PANTHEON, објавена на веб-страната на понудувачот.

## 3. Права од интелектуална сопственост врз апликацијата Даталаб Пантхеон

3.1. Понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON му гарантира на нарачателот дека понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON валидно ги стекнал сите права на интелектуална сопственост врз апликацијата Даталаб PANTHEON, кои на нарачателот му овозможуваат користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, или дека понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON е сопственик на сите права од интелектуална сопственост над апликацијата Даталаб PANTHEON.

3.2. Со потпишување на Договор за услугите PANTHEON и со прифаќање на Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON врз нарачателот не преминуваат никакви права од интелектуална сопственост, туку нарачателот стекнува само неисклучиво, непреносливо и ограничено право на користење на апликацијата Даталаб PANTHEON за територијата определена во Договорот за услуги на PANTHEON во рамките на условите определни со овие Посебни услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, како и врз основа на дополнителните права на нарачателот во врска со апликацијата Даталаб PANTHEON, како што е определено во Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON или пак со Законот за авторски и сродни права.

3.3. Во случај ако трето лице поднело барање против нарачателот во кое тврди дека е сопственик на правата од интелектуална сопственост врз апликацијата Даталаб PANTHEON, осносно дека понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON не ги добил овластено од него сите права на интелектуална сопственост над апликацијата Даталаб PANTHEON, кои на нарачателот му овозможуваат користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON се обврзува да го брани нарачателот од ваквото барање. Нарачателот е должен веднаш да го извести понудувачот за евентуалното барање од страна на трето лице. Обврските на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON во врска со барањата од трети лица, согласно законските ограничувања, во секој случај застаруваат по 1 (една) година од денот кога нарачателот дознал за барањето на третото лице.

## 4. Услови за користење на локална апликација

4.1. Нарачателот може да инсталира локална апликација на неограничен број компјутерски деловни единици, но локалната апликација може истовремено да ја користи со овозможен истовремен пристап на само онолку корисници колку што е одредено во Договорот за услуги на PANTHEON, склучен со операторот.

4.2. Нарачателот смее употребата односно пристапот до локалната апликација истовремено да им ја овозможи само на онолку конектори, колку што има одредено соодветни конектор лиценци во Договорот за услуги на PANTHEON, склучен со операторот.

4.3. Без изричито писмено одобрување од понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, согласно законските ограничувања на правата на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, нарачателот не смее да репродуцира компоненти или целосната локална апликација, без оглед на тоа дали репродуцирањето е привремено или трајно и со кое средство и во која форма е извршено, освен во случајот од точка 4.6.

4.4. Без изричито писмено одобрување од понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, согласно законските ограничувања на правата на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, нарачателот не смее да ја преведува, прилагодува, уредува или наkoj било начин преработува локалната апликација, вклучувајќи и отстранување на дефекти.

4.5. Нарачателот согласно законските ограничувања на правата на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, не смее во ниедна форма да ја дистрибуира локалната апликација, и не смее да ја изнајмува.

4.6. Нарачателот може да репродуцира најмногу 2 (две) резервни копии од локалната апликација со исклучива намена за обезбедување непречена употреба на локалната апликација, под условите определени во Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON.

## 5. Услови за користење на клауд апликацијата

5.1. Нарачателот ѝ пристапува на клауд апликацијата преку локалната апликација која овозможува користење на клауд апликацијата. Нарачателот не ја инсталира клауд апликацијата на компјутерската деловна единица.

## 6. Посебни одредби за личните податоци

6.1. Нарачателот се согласува понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON да смее во рамките на услугите PANTHEON, каде што спаѓа и користењето на апликацијата Даталаб PANTHEON, да си собира и користи сите лични податоци кои ги добива од нарачателот во согласност со правилникот на понудувачот за постапување со личните податоци, достапен на веб-страната на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, како и со важечкото законодавство за заштита на личните податоци. Сите информации за личните податоци за нарачателите односно за поедници кои соработуваат со нарачателот врз основа на договор за вработување или друг правен однос кои понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON ги собира и обработува, се достапни на веб-страната на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON и на веб-страната на операторот.

6.2. Понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, освен на изричито барање или иницијатива на нарачателот во рамките на услугата техничка поддршка и одржување, нема

увид во податоците кои нарачателот ги внесува, чува, односно обработува во апликацијата Даталаб PANTHEON.

6.3. Нарачателот му гарантира на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON дека сите лични податоци кои му ги проследува на понудувачот се собрани согласно важечкото законодавство во Република Македонија за заштита на податоци и дека сите лица на кои се однесуваат овие податоци се запознаени со правилникот на понудувачот за постапување со личните податоци, достапен на веб-страната на понудувачот и се согласуваат со збирањето и обработката на нивните лични податоци, како што е уредено во правилникот.

6.4. Кога нарачателот или лицето на кое се однесуваат личните податоци сака да обезбеди остварување на правата на поединецот во врска со личните податоци во согласност со важечкото законодавство во Република Македонија за заштита на личните податоци, мора до понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON да поднесе соодветно барање, на кое понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON мора даму одговори во рок од 30 (триесет) дена. Понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON не смее да ги одбие барањата од овој став, освен ако за тоа не постојат основани причини.

## 7. Постапување со податоците на нарачателот

7.1. Користењето на клауд апликацијата и пристапот до податоците на нарачателот му се овозможуваат само со внес на корисничко име и лозинка која содржи барем 8 (осум) знаци и посебни знаци меѓу коимора да има барем една голема буква. По три погрешни обиди за внес на корисничкото име и лозинката, користењето на клауд апликацијата е оневозможено, а пристапот до податоците на нарачателот е блокиран. Во тој случај, за повторен пристап нарачателот мора да сеобрати на операторот. Доколку нарачателот 15 (петнаесет) минути активно ја користи клауд апликацијата, за натамошно користење треба повторно да го внесе корисничкото име и лозинката.

7.2. Понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON води системски дневници за употребата на клауд апликацијата, црпењето извори и за пристапот до податоците на нарачателот. Во системските дневници автоматски се запишува називот на нарачателот, компјутерската деловна единица на пристапување, датум и час на пристап, видот на податоци на нарачателот до кои нарачателот пристапил, како и начините на обработка на податоците на нарачателот. Во системскиот дневник се запишува и блокадата на пристапот во случај на три погрешни обиди за внес на корисничкото име и лозинката од претходната точка. Во системскиот дневник се запишува и секој обид за недозволен пристап до податоците на нарачателот или за користење на клауд апликацијата.

7.3. Апликацијата Даталаб PANTHEON врши автоматизирана обработка на податоците на нарачателот, при што автоматизираната обработка со користење на функционалноста на апликацијата Даталаб PANTHEON ја пушта самиот нарачател, а понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON нема никакво влијание. Видовите автоматизирана обработка на податоците на нарачателот кои ги врши апликацијата Даталаб PANTHEON се следните: собирање, прибавување, упис, уредување, сочувување, прилагодување или изменување,

увид, употреба, откривање со пренос, соопштување, ширење или друг начин на давање на располагање, класификација или поврзување, блокирање, анонимизирање, бришење или уништување.

7.4. Нарачателот дозволува податоците кои тој ги му проследува на операторотво рамките на услугата PANTHEON или кои понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON или техничката поддршка ги прибавуваат при активацијата или реализацијата на одредбите на Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, вклучувајќи ја и поддршката, понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON во анонимизирана форма и без притоа да го идентификува нарачателот, да може да ги користи за свои деловни цели поврзани исклучиво со поддршка, дијагностика или за натамошен развој и тестирање на апликацијата Даталаб PANTHEON или за други производи или услуги.
Понудувачот на услуги СервисДеск се обврзува прибавените податоци и/или евентуални деловни тајни добиени при реализација на одредбите на Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON да ги третира како тајни и доверливи, да ги чува и да не ги открива и да постапува согласно Законот за трговските друштва.

7.5. Нарачателот сноси исклучива одговорност дека податоците во рамките на услугата PANTHEON ги проследува на соодветна правна основа. Понудувачот на апликацијата PANTHEON во никој случај не му одговара на нарачателот или на трети лица, доколку нарачателот личните податоци, деловните тајни или друг вид податоци ги проследи неовластено или без соодветна правна основа или во спротивност со важечкото законодавство.

7.6. Понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON на нарачателот му гарантира дека податоците на нарачателот во апликацијата PANTHEON се одвоени од податоците на другите нарачатели и други лица.

7.7. По истекот на Договорот за услуги на PANTHEON и согласно точка 7.8., како и со претходна 30-дневна напомена од страна на операторот, ќе бидат трајно и неповратно избришани сите податоци на нарачателот кои се чуваат во апликацијата Даталаб PANTHEON, вклучувајќи ги и личните податоци и други податоци, како и евентуални резервни или други копии кои се наоѓаат во базата на податоци на операторот.

7.8. **Право на извоз на податоците.** По истекот на важноста на Договорот за услуги PANTHEON од која било причина, нарачателот има право да ја задржи локалната апликација инсталирана на една компјутерска деловна единица, односно да ја користи на една компјутерска деловна единица уште 90 (деведесет) дена од денот на прекинот на Договорот за услуги PANTHEON. Локалната апликација по оваа одредба може да остане инсталирана односно да се користи според оваа одредба исклучиво за извоз на податоците на нарачателот, кои се наоѓаат на хардверската опрема на операторот. Податоците на нарачателот оже да ги извезува само во форма односно формат кој вклучува само необработени податоци, а не ја вклучува програмската логика на обработка на податоците. По истекот на 90-дневниот рок, нарачателот мора локалната апликација трајно да ја избрише

и од таа компјутерска деловна единица. Во истиот 90-дневен рок нарачателот може од операторот да бара копија од податоците на заменлив медиум. По истекот на овој рок податоците на нарачателот и сите бекап копии трајно и неповратно се бришат од хардверската опрема на операторот.

## **8.** Поддршка вклучително со отстранување дефекти и други услуги на СервисДеск (Ad-hoc услуги на СервисДеск)

8.1. Поддршката е една од услугите на СервисДеск и претставува помош на нарачателот во врска со употребата или работата на апликацијата Даталаб PANTHEON, што вклучува и отстранување на дефекти. Покрај поддршка, во услугите на СервисДеск спаѓаат уште и услугите за помош, одржување и имплементација на нови и некористени функции.

8.2. Услугите на СервисДеск можат да се вршат на следниве начини:

- на далечина со користење на апликацијата ХелпДеск;

- на далечина со користење на друга интернет технологија; се врши со користење на интернет технологија и програмска опрема, која преку корисничкиот сервер му е достапна на нарачателот, понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON и на техничката поддршка (со користење Windows Remote Desktop, Skypee или слична технологија). Овозможува поделба на десктопот на нарачателот со пренос на сликата и надзор над тастатурата и маусот. Комуникацијата помеѓу нарачателот и понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON или поддршката како транскрипт на сесијата на поддршката се запишува во дневникот и заедно со протоколот на крајот на сесијата на поддршката и анкетата за фидбек со понудената поддршка или останатите услуги на СервисДеск е интегрален дел на сесијата. Понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON и поддршката имаат увид во дневниците на услугите на СервисДеск на на далечина.

- на далечина по телефон;

- на далечина по електронска пошта на адреса support@datalab.eu, или (полновредно) на info@datalab.com.mk, која автоматски прави внес во апликацијата ХелпДеск;

- на локацијата на нарачателот, а кои ги вршат вработените на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON или техничката поддршка.

8.3. Поддршка и други услуги на СервисеДеск обезбедува понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON. Поддршка и други услуги на СервисеДеск, а дополнително и т.н. дополнителни услуги на техничката поддршка, може да ги обезбеди и поддршката. За фактичка изведба на поддршката и други услуги на СервисеДеск, понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON или техничката поддршка има право на повраток на трошоците кои ќе настанат од нив и чија висина е определена со важечкиот ценовник на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON кој е достапен на веб-страната на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, односно на техничката поддршка.

8.4. Понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON или поддршката од технички причини обезбедуваат техничка поддршка само за најновата (ажурирана) верзија на апликацијата Даталаб PANTHEON. За на поддршката и други услуги на СервисеДеск на далечина нарачателот е должен да обезбеди соодветни технички услови според спецификацијата на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON.

## 9. Ажурирање на апликацијата Даталаб PANTHEON

9.1. Понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON ќе ја ажурира апликацијата Даталаб PANTHEON најмалку четири пати годишно. Ажурирањето на клауд апликацијата ќе го врши понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON. Локалната апликација ќе се ажурира автоматски со првата пријава на нарачателот по извршеното ажурирање.

9.2. Доколку ажурирањето на апликацијата Даталаб PANTHEON е отежнато или невозможно одкоја било причина од страна на нарачателот, понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON имаправо на повраток на трошоците кои ќе настанат од изведбара на ажурирањето.

9.3. Локалната апликација, која е дел од апликацијата Даталаб PANTHEON, нарачателот може да ја инсталира и користи врз основа и под условите од Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, кои важат за локалната апликација.

9.4. Ажурирањето врз основа на Договорот за услуги на PANTHEON е вклучено во цената на хостирањето.

## 10. Ограничена гаранција за апликацијата Даталаб PANTHEON

10.1. Понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON мму гарантира на нароачателот дека апликацијата Даталаб PANTHEON исправно ќе работи во рок од 90 (деведесет) дена од датумот на активација.

10.2. Единствена обврска на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON и единствено право на нарачателот врз основа на наведената гаранција во претходната точка е дека во случај кога апликацијата Даталаб PANTHEON не работи во согласност со претходната точка и нарачателот со употреба на апликацијата ХелпДеск го известува понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON ја поправа односно заменува апликацијата Даталаб PANTHEON.

10.3. Нарачателот врз основа на ограничената гаранција ги нема правата од овој член, а понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON врз основа на ограничената гаранција нема никакви обврски, доколку до нефункционирањето од точка 10.1., поради кое нарачателот ја

уважил ограничената гаранција, дошло поради употреба на апликацијата Даталаб PANTHEON во спротивност со Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, во спротивност со документацијата или поради какво било постапување, случка или околност од страна на нарачателот или ако нарачателот им ја доверил техничката поддршка, одржувањето, отстранувањето дефекти, надградбата или каква било интервенција врз апликацијата Даталаб PANTHEON на лица кои не се сертифицирани сервисери за апликацијата Даталаб PANTHEON.

10.4. Нарачателот врз основа на ограничената гаранција ги нема правата од овој член, наведени во точка 10.2. од овој член, а понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON врз основа на ограничената гаранција нема никакви обврски, доколку до нефункционирањето од точка 10.1., поради кое нарачателот ја уважил ограничената гаранција, е последица на користење одн. пристап до апликацијата Даталаб PANTHEON од страна на конекторите.

10.5. Понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON не им дава на нарачателот ниту на трети лица никакви други гаранции освен огрениченатa гаранција за апликацијата Даталаб PANTHEON, како што е определено во овој член.

## 11. Изјава за изземање од одговорност на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON

11.1. Понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, неговите набавувачи и неговите договорувачи во никој случај, согласно минималните законски ограничувања за изземање на одговорноста, на нарачателот или на трети лица не одговараат за никаква штета нанесена на нарачателот или на трети лица од каква било промена или адаптација на апликацијата Даталаб PANTHEON, вклучувајќи ги и дополнителните апликации, која нарачателот или трето лице ја извршило врз основа на некој договор со операторот или неовластено. За изземање на двата вида штета од претходниот став вклучуваат, но не се ограничени на намалување на имотот (обична штета), спречување на зголемувањето на имотот (изгубена добивка), предизвикување телесна или душевна болка или страв, како и наштетување на угледот на правното лице (нематеријална штета).

11.2. Понудувачот, неговите набавувачи, неговите договорувачи и сервисерите не му одговараат на нарачателот или на трети лица за никаков вид штета нанесена на нарачателот или на трети лица, доколку нарачателот им ја доверил техничката поддршка, одржувањето, отстранувањето дефекти, надградбата или каква било интервенција врз апликацијата Даталаб PANTHEON на лица кои не се сертифицирани сервисери на понудувачот.

11.3. Понудувачот, неговите набавувачи, неговите договорувачи и сервисерите не му одговараат на нарачателот или на трети лица за никаков вид штета нанесена на нарачателот или на трети лица, доколку нарачателот им овозможил користење одн. пристап до

апликацијата Даталаб PANTHEON на конекторите.

11.4. Целосната одговорност на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON во никој случај, согласно минималните законски ограничувања за изземање на одговорноста, не изнесува повеќе од висината на 1 (една) претплата во последните 3 месеци до барањето без затезна камата.

## **12.** Последици од непочитување на одредбите

12.1. Доколку нарачателот ги прекрши одредбите на Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON може на нарачателот веднаш да му го оневозможи користењето на апликацијата Даталаб PANTHEON. Исто така, во ваков случај понудувачот може на нарачателот да му ја поништи дозволата за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON и да побараод него да ја избрише апликацијата Даталаб PANTHEON од сите компјутерски деловни единици, без да му постави рок за корекција на прекршувањето. Доколку понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON ја поништи дозволата за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, се применуваат одредбите од Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб за извоз на податоци.

12.2. Доколку нарачателот ги прекрши одредбите на Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб на начин на кој неовластено и спротивно на одредбите на Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб на конекторите ќе им овозможи користење или пристап до апликацијата Даталаб PANTHEON, понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON можеод него да побара веднаш, а најдоцна во рок од 30 дена од повикот на понудувачот, да го коригирапрекршувањето на начин што ќе склучи договор со операторот, одн. ќе купи соодветен број конектор-лиценци. Доколку нарачателот не го коригира прекршувањето во поставениот рок, понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON може на нарачателот да му го оневозможи пристапот до апликацијата Даталаб PANTHEON. Исто така, во ваков случај понудувачот може на нарачателот да му ја поништи дозволата за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON и да побараод него да ја избрише апликацијата Даталаб PANTHEON од сите компјутерски деловни единици, без да му постави рок за корекција на прекршувањето. Доколку понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON го раскине договорот, се применуваат одредбите од Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб за извоз на податоци.

12.3. Понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON го задржува правото да контролира дали нарачателот ја користи апликацијата Даталаб PANTHEON во согласност соодредбите од Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб, посебно дали нарачателот им овозможува на конекторите користење или пристап до апликацијата Даталаб PANTHEON. Нарачателот изричито дозволува понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON за таа цел да примени соодветни технички мерки.

12.4. Во случај на непочитување на овој договор од страна на нарачателот, понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON има право на повраток на целата штета која му е нанесена поради прекршувањето на одредбата.
12.5. Нарачателот одговора пред понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON за целата штета која на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON или на трети лица им ја нанел со тоа што им овозможил на конекторите користење одн. пристап до апликацијата Даталаб PANTHEON.

## **13.** Завршни одредби

15.1. Нарачателот е должен ажурно да одговори на повиците и напомените на понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON.

15.2. Нарачателот се обврзува уште 3 години по истекот на важноста на Договорот за услуги на PANTHEON да ги чува деловните тајни поврзани со апликацијата Даталаб PANTHEON или со понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON, како што е определено во Законот за трговски друштва, како и други доверливи информации до кои дошол во за време на важноста на Договорот за услуги на PANTHEON.

15.3. Нарачателот не смее правата и обврските од Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON односно кое било одделно право од Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON без писмено одобрение од понудувачот на апликацијата Даталаб PANTHEON да ги пренесе на трети лица.

15.4. Доколку која било одредба Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON се покаже како ништовна, тоа нема да влијае на важноста на другите одредби кои во целост остануваат во сила.

15.5. Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON ги претставуваат целокупните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON во хостинг мод и ги заменуваат сите евентуални останати договори за предметот на користење на апликацијата Даталаб PANTHEON, освен кога во Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON е опредлено дека се надополнети со правила на некој друг договор или документ.

15.6. Во случај на спор во врска со која било одредба на Посебните услови за користење на апликацијата Даталаб PANTHEON надлежен е судот во Република Македонија.

**Важи од: 25.05.2018 г.**